С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес Излегува по потреба	**Број 4 година XLI** **25 мај 2005**	Претплата за 2005 година -500 ден.

.31.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за потврдување на членство во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија

Се прогласува Одлуката за потврдување на членство во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/1
24 мај 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ".бр.5/02), член 23, став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година донесе,

О Д Л У К А
за потврдување на членството во Задницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија

Член 1

Со оваа Одлука ЕЛС-Општина Велес го потврдува членството во Зедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија согласно Статутот на ЗЕЛС.

Член 2

Градоначалникот на Општина Велес по функција е делагат на Генералното собрание-највисокиот орган на Заедницата.

Член 3

Во случај на спреченост или отсутност на делегатот, го заменува претседателот на Советот на Општина Велес, со овластување дадено во писмена форма.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/2
23.05.2005година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

32.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за пренесување на паричните средства од постојните сметки во деловната банка на новоотворените потсметки во рамките на единствената трезорска сметка

Се прогласува Одлуката за пренесување на паричните средства од постојните сметки во деловната банка на новоотворените потсметки во рамките на единствената трезорска сметка, што Советот

на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/2
24 мај 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 3-ѓ, став 3 од Законот за Буџетите („Сл.весник на Република Македонија" бр.79/93, 3/94,71/96, 46/0011/01, 93/01,46/02, 24/03, 85/03 и 96/04), член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Република Македонија" бр.5/02), и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за пренесување на паричните средства од постојните сметки во деловната банка на ново отворените потсметки во рамките на единствената трезорска сметка

Член 1

Со оваа Одлука се врши пренесување на паричните средства од сметката 300270000004145 - Буџетот на Општина Велес и сметка 300270000004048-Советот на Општина Велес, носител на платен промет - Комерцијална банка - Скопје, на новоотворените потсметки во рамките на единствената трезорска сметка.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес", а ќе се примени од денот на отворањето на новите потсметки во рамките на трезорската сметка.

Број 0701-920/3
23.05.2005година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

33.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за утврдување на намената, начинот и постапката за давање под закуп на слободниот простор во крајниот столб во Мало мовче

Се прогласува Одлуката за утврдување на намената, начинот и постапката за давање под закуп на слободниот простор во крајниот столб во Мало мовче, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/3
24 мај 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 10 и член 67 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на намената, начинот и постапката на издавање под закуп на слободниот просторот во крајниот столб на Мало мовче

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува намената, начинот и постапката на издавање под закуп на слободниот простор во крајниот столб на Мало мовче и тоа од левата страна на веќе изградениот дел од регулацијата на река Вардар.

Член 2

Просторот кој е предмет на закуп, ќе се пренамени во простор за вршење на угостителска дејност, а издавањето под закуп ќе се врши по пат на јавно наддавање.

Член 3

Постапката за јавно наддавање и утврдувањето на почетната цена на закупнината ќе ја врши 3 члена комисија именувана од Советот на Општина Велес.

Член 4

Се задолжува Комисијата по спроведувањето на постапката и изборот на најповолен закупувач да достави Извештај до Советот на Општина Велес.

Член 5

Се задолжува градоначалникот на Општина Велес, по извршениот избор да склучи Договор за закуп со закупувачот во кој ќе бидат регулирани меѓусебните права, начинот на користење, рокот и цената на закупнината.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/4
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

34.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места

Се прогласува Одлуката за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/4
24 мај 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 82 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 100 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места согласно Генералниот урбанистички план за град Велес (во понатамошниот текст: ГУП).

Член 2

Урбани заедници што се постојни во градот се вкупно 14, а месни заедници што постојат во населените места се 20.

Член 3

Опфат на урбаните заедници во градот:

1. Урбана заедница „Васа Кошулчева" со вкупна површина од 174,59 ха поделена на десет урбани блока и тоа УБ 1 од 45,10 ха, УБ 2 од 23,08 ха, УБ 3 од 19,04 ха, УБ 4 од 20,35 ха,УБ 4а од 20,67 ха,УБ 5 од 7,46 ха,УБ 6 од 13,08 ха,УБ 7 од 5,92 ха, УБ 8 од 8,82 ха и УБ 9 од 11,07 ха, опишана со следните граници: на запад започнува кај Железничката пруга Велес-Битола на почетната точка со ул.„Алексо Демниевски" и продолжува по осовината на оваа пруга се до Ветеринарна станица, на запад продолжува по локалниот пат Велес-Раштани се до границата на урбаниот опфат, од каде северно и делумно североисточно оди до Железничката пруга Скопје-Велес-Битола од каде јужно се спушта по пругата до пресекот на ул.„Алексо Демниевски".

2. Урбана заедница „Родна Ивева" со вкупна површина од 263,37 ха поделена на четиринаесет урбани блока и тоа УБ 10 од 16,10 ха, УБ 11 од 23,54 ха, УБ 12 од 16,54 ха, УБ 13 од 9,62 ха,УБ 14 од 16,99 ха,УБ 14а од 19,13 ха,УБ 15 од 29,85 ха,УБ 15а од 16,19 ха, УБ 16 од 23,17 ха, УБ 16а од 12,51 ха, УБ 17 од 14,27 ха, УБ 17а од 30 ха, УБ 18 од 23,39 ха и УБ 19 од 17,15 ха, опишана со следните граници: започнува од Железен мост на север продолжува по дел на ул.„Димитар Влахов", на запад делумно се спушта до регионалниот пат R-103 на север продолжува по локалниот пат за с.Ч олошево се до граница на урбан опфат (магистрален пат М-1) од каде северозападно и северно продолжува по граница на урбан опфат се до осовина на река Вардар од каде се спушта јужно и југоисточно до почетната точка на Железниот мост.

3. Урбана заедница „Димче Мирчев" со вкупна површина од 40,97 ха поделена на три урбани блока и тоа УБ 20 од 17,10ха, УБ 21 од 18,75 ха, УБ 22 од 5,12 ха, опишана со следните граници: започнува на запад со источната ограда на Гимназија „Кочо Рацин" до ул.„Алексо Демниев", завртува на исток по ул.„Вардарска" и продолжува по југоисточната страна по оградата на Градскиот базен и северната страна на Градскиот стадион, преку Градскиот парк до реката Вардар северно на југ се спушта по осовината на река Вардар до Стар мост, продолжува на север по ул.„Маршал Тито"

и по ул.„Благој Ѓорев" па завршува во почетната точка кај Гимназија „Кочо Рацин".

4. Урбана заедница „Богдан Каракостев" со вкупна површина од 107,86 ха поделена на шест урбани блока и тоа УБ 23 од 16,84 ха, УБ 23а од 21,57 ха, УБ 24 од 20,32 ха, УБ 25 од 13,25 ха, УБ 26 од 23,79 ха, УБ 27 од 12,09 ха, опишана со следните граници: на запад започнува кај Железен мост, на север продолжува по ул.„Димитар Влахов" и регионалниот пат R-103, делумно завртува на запад и продолжува на север по локален пат за с.Ч олошево се до границите на урбаниот опфат по ГУП (магистралниот пат М-1) од каде источно и јужно се движи по границата на урбаниот опфат се до ул.„Вера Циривири", западно продолжува по ул.„Вера Циривири", „Киро Рогужаров" па води по ул.„Иво Лола Рибар" се до осовината на река Вардар од каде северно продолжува по оваа осовина до почетната точка кај Железен мост.

5. Урбана заедница „Трајко Панов" со вкупна површина од 34,23 ха поделена на два урбани блока и тоа УБ 28 од 9,03 ха, УБ 29 од 24,93 ха, опишана со следните граници: на север започнува со ул.„Благој Ѓорев", на исток продолжува по ул.„Маршал Тито" (до Црвен крст), на запад продолжува по ул.„Кочо Рацин" до пресекот со ул.„Даме Груев", на југ води по истата улица и се спојува со ул.„Мирче Ацев" до Плоштад Којник, на запад продолжува по ул.„Игманска", ја сече ул.„Орце Мартинов" и се спушта на север по ул.„Игманска" и доаѓа на почетната точка на ул.„Благој Ѓорев".

6. Урбана заедница „9-ти Ноември" со вкупна површина од 52,57 ха поделена на три урбани блока и тоа УБ 30 од 14,15 ха, УБ 31 од 16,58 ха, УБ 32 од 21,84 ха, опишана со следните граници: на запад започнува од ул.„Ленинова" до ул.„Благој Ѓорев", ја сече и продолжува на југ по ул.„Киро Ќучук" до пресекот со ул.„Стеван Бобев", се спојува со ул.„Тодор Јанев" и западно продолжува по граници на урбан опфат по ГУП, на север продолжува со ул.„Љубљанска" ја сече ул.„Игманска" и продолжува на север по ул.„Благој Ѓорев" ја сече истата и продолжува на север со источната ограда на Гимназија „Кочо Рацин" до ул.„Алексо Демниевски" и продолжува на запад по ул.„Алексо Демниевски" до железничката пруга Велес-Битола да заврши до почетната точка со ул.„Ленинова".

7. Урбана заедница „Алексо Демниевски" со вкупна површина од 123,40 ха поделена на шест урбани блока и тоа УБ 33 од 24,34 ха, УБ 33а од 14,17 ха, УБ 34 од 20,81 ха, УБ 34а од 15,50 ха, УБ 35 од 19,27 ха, УБ 36 од 29,38 ха, опишана со следните граници: на исток почнува со ул.„Ленинова" до ул.„Благој Ѓорев", ја сече и продолжува на југ по ул.„Киро Ќучук" до пресекот со ул.„Стеван Бобев" се спојува со ул.„Тодор Јанев" и јужно продолжува до граница на урбаниот опфат по ГУП, на северозапад оди по ул.„Димитрие Чуповски" до ул.„Благој Ѓорев" ја сече и на север продолжува по осовината на железничката пруга Битола-Велес до почетната точка со ул.„Ленинова".

8. Урбана заедница „Славе Петков" со вкупна површина од 56,27 ха поделена на три урбани блока и тоа УБ 37 од 8,46 ха, УБ 38 од 19,40 ха, УБ 39 од 27,41 ха, опишана со следните граници: на север започнува од ул.„Маршал Тито" (Црвен крст), па продолжува на запад по ул.„Кочо Рацин", по ул.„Даме Груев" и ул.„Мирче Ацев" и води до Плоштад Којник, на запад продолжува по ул.„Игманска", ја сече ул.„Орце Мартинов", и продолжува на запад по ул.„Игманска" до ул.„Љубљанска", јужно продолжува по истата улица, а југозападно води до крајот на урбаниот опфат, па на север продолжува по осовина на река Вардар се до Стар мост од каде делумно завршува на запад до ул.„Маршал Тито", а северно продолжува до почетната точка (Црвен крст).

9. Урбана заедница „Трајко Капчев" со вкупна површина од 62,17 ха поделена на три урбани блока и тоа УБ 40 од 21,02 ха, УБ 41 од 18,87 ха, УБ 42 од 22,28 ха, опишана со следните граници: на исток и југоисток започнува од Стар мост, продолжува јужно по осовина на река Вардар до крај на граница на урбан опфат (Кожара „Димко Митрев"), на север и североисток продолжува по граница на урбан опфат до ул.„Вера Циривири", западно продолжува по истата улица, води по ул.„Киро Рогужаров", ул.„Иво Лола Рибар" и продолжува на југ по ул.„Нишка" да заврши на почетната точка на Стар мост.

10. Урбана заедница „Шорка" со вкупна површина од 73,62 ха поделена на три урбани блока и тоа УБ 43 од 22,78 ха, УБ 44 од 29,15 ха, УБ 45 од 21,69 ха, опишана со следните граници: од север и североисток се води по осовината на реката Вардар, на југ преку Градскиот парк, продолжува по северозападната страна на оградата на Градскиот стадион, оди по југоисточната страна на оградата на Градскиот базен, продолжува по ул.„Вардарска" до ул.„Алексо Демниевски" каде завршува западно до железничката пруга Велес-Битола, па продолжува на северозапад по осовината на железничката пруга Велес-Битола до крајот на урбаниот опфат по ГУП.

11.Урбана заедница „Керамидна" со вкупна површина од 84,05 ха поделена на пет урбани блока и тоа УБ 46 од 14,20 ха, УБ 47 од 16,08 ха, УБ 48 од 15,30 ха, УБ 49 од 25,81 ха и УБ 50 од 12,66 ха, опишана со следните граници: на север патот за с.Раштани, на исток железничка пруга Велес-Битола, југ и југозапад граници на урбан опфат по ГУП.

12. Урбана заедница „Тунел" со вкупна површина од 36,7 ха, поделена на два урбани блока и тоа УБ 51 од 12,6 ха и УБ 52 од 23,79 ха, опишана со следните граници: од север и северозапад ул.„Благој Ѓорев", на југ и исток граници на урбан опфат по ГУП и североисток ул.„Димитрие Чуповски" до крај на урбаниот опфат по ГУП.

13. Урбана заедница „Мирка Гинева-Превалец" опишана со следниве граници: североисточно започнува по границата на опфатот на месната заедница „Тунел" и северозападно продолжува по крајниот опфат на МЗ „Керамидна" и продолжува по граничниот опфат на катастарската општина Оризари.

14. Урбана заедница „Дурутовец" опишана со следниве граници: започнува североисточно со границата на опфат на МЗ „Богдан Каракостев" па продолжува североисточно по границата на МЗ „Родна Ивева" за источно да продолжи по границата на катастарската општина с.Чолошево.

Член 4

Опфат на месните заедници во населените места:

1. Месна заедница „Башино Село" се границите на катастарската општина Башино Село.

2. Месна заедница „Бузалково" се границите на катастарската општина Бузалково.

3. Месна заедница „Горно Оризари" со населеното место Долно Оризари и Клуковец, се границите на катастарската општина Оризари.

4. Месна заедница „Долно Караслари" со населеното место Горно Караслари, се границите на катастарската општина Караслари.

5. Месна заедница „Иванковци" се границите на катастарската општина Иванковци.

6. Месна заедница „Кумарино" се границите на катастарската општина Кумарино.

7. Месна заедница „Крушје" се границите на катастарската општина Крушје.

8. Месна заедница „Мамутчево" се границите на катастарската општина Мамутчево.

9. Месна заедница „Отовица" се границите на катастарската општина Отовица.

10. Месна заедница „Ораовец" се границите на катастарската општина Ораовец.

11. Месна заедница „Раштани" се границите на катастарската општина Раштани.

12. Месна заедница „`Рлевци" се границите на катастарската општина `Рлевци.

13. Месна заедница „Рудник" со населените места Ветерско и Лугунци, се границите на катастарските општини Рудник, Ветерско и Лугунци.

14. Месна заедница „Сливник" се границите на катастарската општина Сливник.

15. Месна заедница „С`лп" со населените места Белештевица и Карабуниште се границите на катастарските општини С`лп, Белештевица и Карабуниште.

16. Месна заедница „Сујаклари" се границите на катастарската општина Сујаклари.

17. Месна заедница „Црквино" се границите на катастарската општина Црквино.

18. Месна заедница „Чолошево" се границите на катастарската општина Чолошево.

19. Месна заедница „Џидимирци" се границите на катастарската општина Џидимирци.

20. Месна заедница „Новачани" се границите на катастарската општина Новачани.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/5
23.05.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

35.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/5
24 мај 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 9,19 и 22 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ " бр. 68/04) член 3, став 1, точка 5 од Законот за комунални дејности („Сл.весник на РМ" бр. 45/97;23/99;45/02;16/04) и член 23, став 1,точка 15 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 23.05.2005г. донесе,

О Д Л У К А
за општински линиски превоз на патници во општина Велес

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува општинскиот линиски превозот на патници како комунална дејност од јавен интерес.

Член 2

Општината Велес го уредува општинскиот линиски превоз како јавен превоз на патници при што особено утврдува:

1Единствена мрежа на линии.

2.Единствен возен ред, начин на негово истакнување, одржување и менување.

3.Начин на негово организирање на контролата на автобусите и линиите, како и евиденција за тоа.

4.Тарифен систем и систем на наплата.

5.Локација на автобуските терминали, свртувалишта, стојалишта и постапка за нивна измена.

6.Изградба, обележување, опремување, одржување и користење на автобуските терминали, свртувалишта и стојалишта.

7.Одредување на релација и место на превоз со комби возила со најмалку девет седишта.

8.Критериуми за начинот и постапката за издавање и одземање на дозволата за вршење на општински линиски превоз и распределувањето на линиите на превозниците во општинскиот линиски превоз.

9.Надзор.

10.Казнени одредби.

1. ЕДИНСТВЕНА МРЕЖА НА ЛИНИИ за општински линиски превоз

Ред. бр.	Број на линијата	Назив на линијата	Траса на линијата
1	2	3	4
1	2	**Автобуска станица –** Превалец	
		Насока: Автобуска станица – Превалец	Преку улиците: „Димитар Влахов", „Илинденска", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур", „Маршал Тито", „А.Д Бауман", „Моша Пијаде", „Ленинова", „11 ти Октомври", „Индустриска" и „Благој Ѓорев".
		Насока: Превалец – Автобуска станица	Преку улиците: „Благој Ѓорев", „Маршал Тито", „Страшо Пинџур", „Гоце Делчев", „Илинденска", „Димитар Влахов".
2	3	**Автобуска станица – Железничка – Којник - Автобуска станица**	
		Кружна Линија: Автобуска станица – Железничка станица - Којник - Автобуска станица	Преку улиците: „Димитар Влахов", „Илинденска", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур", „Маршал Тито", „А.Д Бауман", „Наум Наумовски-Борче",„ Благој Ѓорев", „Орце Мартинов", „Самоборска", „Васил Ѓоргов", „Којник", „Васил Ѓоргов", „Благој Ѓорев", „Маршал Тито", „Страшо Пинџур", „Гоце Делчев", „Илинденска", „Димитар Влахов".
3	4	**Велес -Чолошево**	Преку Трпезица
4	5	**Велес-Црквино**	Преку Бабуна и Венуле
5	6	**Велес- Караслари**	Преку Бабуна
6	7	**Велес – Иванковци**	Преку Мамутчево
7	8	**Велес- Бузалково**	Преку улиците: „Алексо Демниевски-Бауман", „11-то Октомври" и с.Раштани
8	9	**Велес- Оризари**	Преку Превалец и Свилара
9	10	**Велес- Кумарино**	Преку Отовица и Сујаклари
10	11	**Велес- Башино Село**	Преку Трпезица и Речани

Член 4

Превозот на патници согласно утврдената мрежа на линии од член 3 од оваа Одлука го организира Општина Велес како единствен техничко- технолошки, економски и сообраќаен систем.

Превозот на патници во општина Велес го вршат превозници врз основа на лиценца издадена од Градоначалникот на општината.

Превозникот кој има лиценца за вршење на општински линиски превоз на патници може да отпочне со вршење на превоз, откако ќе добие дозвола и ќе регистрира возен ред за определената линија кај Градоначалникот на Општината.

Лиценцата и дозволата се издаваат со рок на важење од четири години.

Член 5

Превозниците, урбаните заедници, месните заедници, други институции и граѓаните можат да иницираат отворање на нови линии што не се содржани во мрежата на автобуски линии, продолжување и скратување на постојните автобуски линии.

За отворање на нови, продолжување, скратување и укинување на постојните автобуски линии одлучува Советот на Општина Велес на предлог на Градоначалникот ако се исполнети неопходните сообраќајно-технички и економски услови.

При иницијатива за отворање на нови линии, Општината води сметка новите линии да не се поклопуваат со старите линии на другите превозници и да имаат минимално временско растојание од 15 минути пред и 15 минути после постојните линии.

Член 6

Линијата во општинскиот линиски превоз на патници има свој број и назив. Називот на линијата се означува со името на почетно-крајното свртувалиште. Бројот и називот на линијата се поставува во возилото, на автобуските стојалишта и на автобуските свртувалишта.

Бројот и називот на автобуската линија е испишан на бела основа со црни печатни букви на македонски јазик со кирилско писмо.

Бројот и називот на автобуската линија се истакнуваат на предната и бочната десна страна на автобусот.

Член 7

Општинскиот линиски превоз се врши со единечни автобуси и со комби возила со најмногу 9 седишта кои ги исполнуваат техничките стандарди за вршење на превоз на патници.

Член 8

Бојата на автобусите е црвена,а на комби возилата е бела.

Член 9

Автобусите со кои се врши општински линиски превоз на патници на надворешните бочни страни имаат натпис со називот и заштитниот знак на превозникот, испишан на бела основа со црна боја со кирилско писмо на македонски јазик.

Автобусите со кои се врши општински линиски превоз на патници можат да имаат и рекламни натписи.

Рекламните натписи на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

Член 10

Автобусите во внатрешноста на возилото треба да имаат натписи и ознака за информирање на патниците и тоа:

1. Бројот на регистрирани места за седење и стоење;
2. Натпис и ознака „забрането пушење";
3. Натпис со содржина „седиштата првенствено се наменети за инвалиди, мајки со мали деца и стари луѓе";
4. Обележување на вратите за влез и излез на патниците.

2.ЕДИНСТВЕН ВОЗЕН РЕД, НАЧИН НА НЕГОВО ИСТАКНУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И МЕНУВАЊЕ

Член 11

Возниот ред во согласност со мрежата на линии го изготвува превозникот, а го регистрира Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина (во понатамошниот текст надлежниот општински орган),со рок од четири години.

Возниот ред и линијата се регистрираат на име на превозникот и неможат да се пренесуваат на друг превозник.

Член 12

Возниот ред содржи: број и назив на линијата, почетно-крајни свртувалишта, време на доаѓање и поаѓање на возилата на почетно-крајните свртувалишта и рок на важење.

Член 13

Возниот ред го истакнува превозникот на почетно-крајните свртувалишта и во возилото и на попатните станици.

Член 14

Качувањето и слегувањето на патниците се врши само на автобуските стојалишта согласно со утврдениот и регистриран возен ред.

Член 15

При вршењето на општинскиот линиски превоз на патници превозникот е должен во

возилото да има лиценца, дозвола и регистриран возен ред во оригинал.

Превозникот е должен да се придржува на регистрираниот возен ред и редовно да ја одржува линијата.

Член 16

При реализација на возниот ред на секоја линија превозникот е должен да застанува само на автобуските стојалишта и свртувалишта со утврдениот и регистриран возен ред.

Во текот на возењето според возниот ред, превозот на определена линија може привремено да биде запрен поради прекинување на сообраќајот на трасата.

Превозникот е должен за привремено запирање на линијата веднаш да го извести надлежниот општински орган и јавноста преку средствата за јавно информирање.

3. НАЧИН НА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА КОНТРОЛА НА СООБРАЌАЈОТ НА АВТОБУСИТЕ И ЛИНИИТЕ И ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ТОА

Член 17

Контролата на сообраќајот на автобусите и линиите ја врши превозникот преку сопствената служба за контрола, како и овластен инспектор за патен сообраќај на Општината.

Евиденцијата за прибирање, обработување, чување и посредување со податоци за издавање на лиценци за вршење на овој вид на превоз, регистрација на возните редови како и податоци потребни за распределба на дозволи за превоз на патници врши надлежниот општински орган.

4. ТАРИФЕН СИСТЕМ И СИСТЕМ НА НАПЛАТА

Член 18

Во општинскиот линиски превоз на патници се утврдува единствен тарифен систем.

Член 19

Системот на наплата ќе се применува преку продажба на билети на автобуската станица и продажба на билети во возилото.

Цената на билетот купен на Автобуската станица и во возилото е иста.

Член 20

За превозните услуги превозникот може да издава и претплатни билети (месечни и годишни).

Член 21

Ценовникот го утврдува и објавува превозникот и за тоа го известува надлежниот општински орган.

Член 22

За користење на услугите на превозот, патникот е должен во возилото да има поништен билет, претплатен билет, или друга возна легитимација.

Патникот е должен на барање на службеното лице во возилото да покаже возен билет кој е поништен за време на користење на услугата, исправен претплатен билет или друга исправна возна лигитимација.

Патникот кој нема исправен билет, претплатен билет или друга легитимација должен е да плати казнен билет.

Цената на казниот билет изнесува петкратен износ од цената на најдолгата релација на линијата каде е затечен патникот. Доколку патникот одбие да плати казнен билет должен е да се легитимира пред персоналот на автобусот заради судска наплата на казниот билет.

5. ЛОКАЦИЈА НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА, СТОЈАЛИШТА И ПОСТАПКА ЗА НИВНА ИЗМЕНА

Член 23

Автобуски свртувалишта лоцирани на подрачјето на Општина Велес се:

1. Превалец
2. Железничка станица
3. Бузалково
4. Кумарино
5. Црквино
6. Иванковци
7. Чолошево
8. Караслари
9. Оризари
10. Башино Село

Попатни автобуски стојалишта за општински линиски превоз на патници:

Ред. Бр.	Автобуски линии за општински линиски превоз	Локации на попатни стојалишта во насока:	Локации на попатни стојалишта насока:
1	**Автобуска станица -** Превалец	Автобуска станица - Превалец	Превалец - Автобуска станица
	Насока: Автобуска станица - Превалец **Преку** улиците: „Димитар Влахов", „Илинденска", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур", „Маршал Тито", „А.Д. Бауман", „Моша Пијаде", „ЛенинovaI, „11-ти Октомври", „Индустриска", „Благој Ѓорев".	• Основен суд • Ловното • „Жито Вардар" • СИЗ за домување • Споменик А.Д. Бауман • Касарна • Детска градинка клон 4 • Комплекс згради Т2	• Комплекс згради Т2 • Детска градинка клон 4 • Магро • Тедико • Дом на АРМ • Основен суд
	Насока: Превалец - Автобуска станица **Преку** улиците: „Благој Ѓорев", „Маршал Тито", „Страшо Пинџур", „Гоце Делчев", „Илинденска", „Димитар Влахов".		
2	**Автобуска станица -Железничка станица -Којник - Автобуска станица**	Автобуска станица - Железничка станица - Којник - Автобуска станица (кружна линија)	
	Насока:Автобуска станица - Железничка станица - Којник -Автобуска станица **Преку** улиците: „Димитар Влахов", „Илинденска", „Гоце Делчев", „Страшо Пинџур", „Маршал Тито", „А.Д.Бауман", „Наум Наумовски-Борче", „Благој Ѓорев", „Орце Мартинов", „Самоборска", „Васил Ѓоргов", „Којник", „Васил Ѓоргов", „Благој Ѓорев", „Маршал Тито", „Страшо Пинџур", „Гоце Делчев", „Илинденска", „Димитар Влахов".	• Основен суд • Ловното • Железничка станица • Болница • Којник • Дом на АРМ • Основен суд	

3	**Велес - Чолошево**	Велес - с.Чолошево	с.Чолошево - Велес
	Насока: Велес – с.Чолошево **Насока:с.**Чолошево - Велес	• Трпезица - с.Дурутовец	• с.Дурутовец - Трпезица
4	**Велес - Црквино**	Велес - с.Црквино	С.Црквино - Велес
	Насока: Велес - с.Црквино **Насока: с.**Црквино - Велес	• Долни Дуќани - Венуле - Бабуна	• Бабуна - Венуле- Долни Дуќани
5	**Велес - с.Караслари**	Велес-с.Караслари	С.Караслари - Велес
	Насока: Велес - с.Караслари **Насока:** с.Караслари - Велес	• Долни Дуќани • Бабуна	• Бабуна • Долни Дуќани
6	Велес - с.Иванковци	Велес - с.Иванковци	с. Иванковци - Велес
	Насока: Велес - с.Иванковци **Насока:** с.Иванковци - Велес	• с.Мамутчево	• с.Мамутчево
7	Велес - с.Бузалково	Велес - с.Бузалково	С.Бузалково - Велес
	Насока: Велес - с.Бузалково **Насока:** с.Бузалково - Велес	• Основен суд • Ловното • Жито Вардар • СИЗ за домување • Споменик А.Д. Бауман • Ф-ка Киро Ќучук • Нови гробишта • С.Раштани	• С.Раштани • Нови гробишта • Ф-ка Киро Ќучук • „Магро" • „Тедико" • Дом на АРМ • Основен суд
8	Велес - с.Оризари	Велес - с.Оризари	С.Оризари - Велес
	Насока: Велес - с.Оризари **Насока:** с.Оризари - Велес	• Основен суд • Ловното • Жито Вардар • СИЗ за домување • Споменик АД Бауман • Касарна • Детска градинка клон 4 • Комлекс зграда Т2 • Превалец • Свилара • Оризари	• Оризари • Свилари • Превалец • Комлекс зграда Т2 • Детска градинка клон 4 • „Магро" • „Тедико" • Дом на АРМ • Основен суд
9	Велес - с.Кумарино	Велес - с.Кумарино	С.Кумарино - Велес
	Насока: Велес - с.Кумарино **Насока:** с.Кумарино - Велес	• Основен суд • Ловното • Шорка • С.Отовица • С.Сујаклари	• С.Сујаклари • С.Отовица • Шорка • Жито Вардар • СИЗ-от • Споменик АД Бауман • „Магро" • „Тедико" • Дом на АРМ • Основен суд
10	Велес-с.Башино Село	Велес – с.Башино Село	с.Башино Село – Велес

6.ИЗГРАДБА, ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ, ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА АВТОБУСКИТЕ ТЕРМИНАЛИ, СВРТУВАЛИШТА И СТОЈАЛИШТА

Член 24

Изградбата, обележувањето, опремувањето, одржувањето и користењето на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата во општинскиот линиски превоз на патници го врши и уредува наделжниот општински орган.

Член 25

Автобуските терминали,стојалишта и свртувалишта се обележуваат со табла.

Таблата од став 1 на овој член содржи: натпис на автобуското стојалиште и автобуското свртувалиште како и други натписи што служат за известување на патниците (возен ред и сл.).

Таблата од став 1 на овој член се истакнува на видно место на самото автобуско стојалиште.

Коловозната површина на автобуските стојалишта и свртувалишта, намената за застанување на автобусите, се обележува со стандардната ознака „БУС" со жолта боја, од страна на субјектот задолжен за обележување на улиците.

Член 26

Автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта треба да имаат:

1. Настрешница за заштита на патниците од атмосферски влијанија, изградена од погоден материјал;
2. Број и назив на линиите што поаѓаат, доаѓаат и поминуваат на основното стојалиште или свртувалиште ;

- Автобуските терминали,стојалишта и свртувалишта можат да имаат и:

1. Урбана опрема;
2. Рекламни паноа;
3. Други содржини.

Член 27

Надлежниот општински орган може да го определува со посебен акт видот и материјалот на опремата и другите содржини на терминалите, свртувалиштата и стојалиштата.

Член 28

Опремата за автобуските терминали, стојалишта и свртувалишта под услови и во согласност на Секторот за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина може да се користи за реклама, пропаганда и известување.

Член 29

Превозниците учествуваат во покривањето на трошоците за изработка и одржување на објектите на урбаната опрема, со процентот со кој учествуваат во релацијата на единствениот возен ред на мрежата на линии.

7. КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕВОЗОТ НА ПАТНИЦИ

Член 30

Лиценца за вршење превоз на патници во Општина Велес издава Градоначаникот на барање на превозниците.

Член 31

За добивање на лиценца покрај општите услови за вршење на дејноста превозникот треба да ги исполнува и следните услови:

- превозникот да е впишан во трговскиот регистар за вршење на превоз во патниот сообраќај и да има решение за вршење на претежната дејност за одделен вид на превоз;
- превозникот да е сопственик на едно или повеќе возила што ги исполнуваат посебните техничко експлоатациони услови пропишани за вршење на одделни видови на превоз;
- да има вработено возачи во зависност од бројот на моторните возила (автобуси, комби возила)што ги исполнуваат условите предвидени со прописите за безбедност на сообраќајот на патиштата;
- управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има успешно поминато проверка за професионална компетентност;
- да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраќај;
- да има во сопственост капацитет за паркирање или одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку четири години;
- во возилата за вршење на општински линиски превоз на патници да има вградено фискален апарат;
- возилото да е со пропишаната боја.

Член 32

Органот надлежен за издавање на лиценци на превозникот со решение ќе му ја одземе лиценцата ако утврди дека :

-превозникот повеќе не ги исполнува условите за добивање на лиценца;

-врши превоз спротивно на издадената лиценца;

-превозникот престане со вршење на дејноста во патниот сообраќај.

Со решението за одземање на лиценцата издавачот на лиценцата го повикува превозникот во рок од осум дена од денот на приемот на решението да му ја врати лиценцата.

Против решението на Градоначалникот за одземање на лиценцата може да се изјави жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

Член 33

Распределбата на линиите по превозници, ќе се врши согласно критериумите пропишани со оваа Одлука.

Постапката за распределба на линиите, со Објава ќе ја спроведе 5-то члена комисија формирана од Градоначалникот.

Член 34

При распределбата на линиите ќе се води сметка превозникот да ги исполнува критериумите според следниот редослед:

-има поголем број сопствени регистрирани автобуси;

- има соодветна опрема во просторот за одржување и поправка на автобусите;

-најниска просечна старост на автобусите;

- поголем број на вработени;

-соодветен стручен кадар за квалитетно одржување и поправки на автобусите како и за квалитетно вршење на превозот;

-располага со соодветен паркинг за возила;

- најдолго време врши јавен превоз на патници и

- најниска понудена цена.

II. НАДЗОР

Член 35

Надзор над законитоста на работата на превозниците што вршат општински линиски превоз на патници врши надлежниот општински орган.

Член 36

Надзор над примената на одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај и одредбите на оваа Одлука врши овластен инспектор за патен сообраќај на Општината.

Член 37

Превозниците во општинскиот линиски превоз на патници во Општина Велес се должни на овластените инспектори за патен сообраќај на општината, да им овозможат вршење на инспекциски надзор, да им даваат потребни известувања и да им ја остават на увид потребната техничка и друга документација.

III. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 38

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 39

Превозниците кои вршат превоз на патници во општинскиот линиски сообраќај во Општина Велес, должни се да го усогласат своето работење со одредбите на оваа Одлука, во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

Член 40

Обврските од член 8, 9 и 10 од оваа Одлука превозниците кои вршат превоз на патници во општинскиот линиски сообраќај во Општина Велес се должни да ги реализираат во рок од шест месеци по донесувањето на оваа Одлука.

Член 41

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за јавен градски и приградски превоз на патници во Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.8/00;7/01; 6/02 и 7/03).

Член 42

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/6
23.05.2005 година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

36.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/6
24 мај 2005 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 53 и 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ"бр.68/04**) ,** член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 23.05.2005 година, донесе

О Д Л У К А
за авто-такси превоз на патници во Општина Велес

I.ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превозот на патници во Општина Велес во делот на:

- локацијата и капацитетите на такси станиците, отварање на нови и укинување на постојните;
- обележувањето, опремувањето и начинот на користење на такси станиците;
- боја на возилата со кои се врши авто-такси превоз на патници;
- утврдување на тарифата за авто-такси превозот и
- издавањето на лиценци за вршење на авто-такси превоз.

II. ЛОКАЦИЈА И КАПАЦИТЕТ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ, ОТВАРАЊЕ НА НОВИ И УКИНУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ

Член 2

Во Општина Велес се утврдуваат следните локации и капацитет на такси станиците за такси возила со кои се врши превоз на патници:

Ред бр.	Име на такси станица	Локација на такси станица	капацитет
1.	„Вила Зора“	ул.„Д.Влахов“ на коловоз	3
2.	Градски Пазар	ул.„Н.Бутникошарева“ на паркинг	3
3.	Градски Пазар	ул.„Иво Лола Рибар“ на коловоз	5
4.	Автобуска станица	ул.„П.Прличко“ на коловоз наспроти Биро за вработување	10
5.	„Малина“	Пред управна зграда на „Велеспром“	5
6.	Плоштад „Сармаале“	ул.„М.Тито“ на коловоз	10
7.	Болница	на паркинг пред болница	3
8.	„Авона“	ул.„Б.Ѓорев“ на коловоз	10
9.	Трговски центар	ул.„Б.Ѓорев“ на коловоз	12
10.	Железничка станица	Пред Ж.стан. на коловоз	10
11.	Којник	На плоштад Којник	3
12.	Градски Пазар	ул.„П.Прличко“	5
13.	УЗУС	на паркинг пред училиштето	3
14.	Долни Дуќани	ул.„Д.Најдов“ на паркинг	3
15.	Општина	на паркинг пред општината	3
16.	Гим.„Кочо Рацин“	ул.„Б.Ѓорев“ на коловоз	15
17.	Телеком	ул.„Б.Ѓорев“ на паркинг	6
18.	„Тутунска банка“	ул.„М.Тито“ на коловоз	5
19.	„Снупи“	ул.„Б.Ѓорев“ на коловоз	10
20.	„Авона“	ул.„Б.Ѓорев“ на коловоз	5
21.	Стоковна куќа	ул. „М. Тито“ на коловоз	5

Член3

За отварање на нова, измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица одлучува Советот на Општина Велес по предлог на Сектор за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина во понатамошниот текст надлежниот општиски орган.

Иницијатива за отварање нова и измена на капацитетот и укинување на постојната авто-такси станица може да даде Здружението за авто-такси превоз, надлежниот општински орган или урбаната заедница.

Постојна авто-такси станица може да се укине заради:

- реализација на урбанистички план;
- барање од надлежен орган на управа и
-несоодветно користење и одржување.

III. ОБЕЛЕЖУВАЊЕ, ОПРЕМУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА АВТО-ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

Член 4

Обележувањето на авто-такси станиците се врши врз основа на сообраќајно-техничка документација, изготвена согласно со позитивните прописи, нормативи и стандарди.

Обележувањето на авто-такси станиците се врши по потреба.

Член 5

На авто-такси станицата се поставуваат корпи за отпадоци, а за чистотата и уредноста на станицата се грижат авто-такси превозниците.

Член 6

Трошоците за обележување и опремување на нова авто-такси станица како и изготвувањето на документацијата од чл.4 на оваа Одлука, се на товар на авто-такси превозниците, во согласност со Правилникот за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес.

Член 7

На една авто-такси станица можат да бидат паркирани онолку такси возила колку што е капацитетот на станицата.

Член 8

Начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците се уредува со Правилник кој го донесува Советот на општина Велес.

IV. БОЈА НА ВОЗИЛАТА

Член 9

Бојата на возилата со кои се врши авто-такси превозот на патници е жолта, освен комбинацијата на бои заштитена во согласност со Закон.

На бочните страни на возилото се истакнува натписот "TAXI" и бројот на регистерот на такси превозникот.

Натписот "TAXI" се истакнува на покривот на возилото на пластична табла со жолта основа со црн раб и црни букви. Натписот е еднообразен, осветлен од внатрешната страна, читлив од предната и задната страна и синхронизиран со таксиметарот.

Таблата од став 3 на овој член е во форма на пресечена пирамида со правоаголна основа со димензии на страните на основата 350x160 мм, на горната површина 250x80 мм со заоблени рабови, висина 120 мм и дебелина на работ на таблата 15 мм. Големината на буквите е 40x70 мм со дебелина на буквите 10 мм.

Рекламните натписи и уреди на возилата можат да се поставуваат само во согласност со важечките прописи кои се однесуваат на начинот на кој се поставуваат реклами.

V. ТАРИФА

Член 10

Тарифата за авто-такси превозот надлежниот општинаски орган ја усогласува со такси превозниците, а ја утврдува Советот на општина Велес.

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден со таксиметарот според утврдената тарифа.

Се утврдува следната тарифа за пресметување на цената на превозот:

1. Почеток на превозот и превоз до 1км. до 30 денари
2. Изминат километар до 20 денари
3. Чекање во траење на 1 минута до 5 денари

Превозникот е должен во возилото на видно место да ја истакне тарифата.

VI. ЛИЦЕНЦА

Член 11

За вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес Градоначалникот издава лиценца и може да ја одземе под услови пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај и Правилник донесен од Министерот за транспорт и врски.

Лиценцата се издава со рок на важење од 4 години.

Условите, начинот и постапката за издавање на лиценцата се утврдува со Правилник кој го донесува Советот на општина Велес.

Превозникот е должен во возилото на видно место да истакне заверен препис од лиценцата.

VII. НАДЗОР

Член 12

Надзор над примената на одредбите на оваа Одлука врши надлежниот општински орган, а инспекциски надзор врши овластен инспектор за патен сообраќај.

VIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Член 13

За непочитување на оваа Одлука се применуваат казнените одредби пропишани со Законот за превоз во патниот сообраќај.

IX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Обележување и опремување на авто-такси станиците ќе се врши во рок од 6 месеци од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Член 15

Авто-такси превозниците се должни да ја усогласат бојата на авто-такси возилата од член 9 од оваа Одлука во рок од 9 месеци од денот на влегување во сила на оваа Одлука.

Член 16

Лиценците што се издадени пред влегувањето во сила на новиот Закон, а издадени врз основа на претходно донесената одлука за авто-такси превоз на патници во општина Велес, продолжуваат да важат до истекот на рокот за кои се издадени.

Член 17

Со донесување на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Велес ("Службен гласник на општина Велес" бр.8/00; 3/01; 7/01; 2/02 и 3/02).

Член 18

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 0701-920/7
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

37.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за условите, начинот и постапка за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за условите, начинот и постапка за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/7
24 мај 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 52 од Законот за патниот сообраќај ("Сл.весник на РМ" бр.68/04), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03) и член 11 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/05),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за врешење на авто- такси превоз на патници во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/8
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 8 и 53 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ"бр.68/04) и член 23, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 11 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес("Службен гласник на Општина Велес"бр.4/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 23.05.2005година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Велес

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Велес.

Член 2

Лиценцата за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Велес се издава доколку се исполнети следните услови:

- превозникот да е впишан во трговскиот регистер за вршење превоз во патниот сообраќај и да има решение за вршење на претежна дејност за одделен вид на превоз;
- превозникот да е сопственик на едно или повеќе возила што ги исполнуваат посебните техничко-експлоатациони услови пропишани за вршење на одделни видови на превоз;
-да има вработено автотакси возачи;
-во возилото за вршење на автотакси превоз на патници да има вградено фискален апарат;
-управителот или овластеното лице одговорно за превоз да има успешно поминато проверка за професионална компетентност;
-да не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраќај;
- да има во сопственост капацитет за паркирање и одржување на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење од најмалку четири години;
-во возилото да има вграден исправен, пломбиран и баждарен таксиметар;
-на покривот на возилото да има истакнат натпис "TAXI";
-на бочните страни на предните врати да има ознака такси и бројот од регистарот на такси превозниците;
- возилото да е обоено со пропишаната боја;
- возилото да ги исполнува условите предвидени со Правилникот за техничко-експлоатациони услови за возилата за вршење на одделни видови на превоз во патниот сообраќај, донесен од Министерот за транспорт и врски.

Член 3

Лиценцата се издава на барање на превозникот.

Кон барањето за издавање на лиценца се приложува:

-име и презиме, односно податоци за фирмата и седиштето на превозникот;
-вид на превозот за кој се бара лиценцата;
-доказ за регистрирана дејност од трговскиот регистер за вршење превоз во патниот сообраќај и да има решение за вршење на претежна дејност за одделен вид на превоз;
-доказ за сопственост на возилото (копија од сообраќајна дозвола) или за договор за лизинг заверен кај нотар;
-потврда дека вградениот таксиметар е бажадарен кај овластена институција;
-потврда за заштита на комбинација на бои на возилото во согласност со Закон.
-потврда од станица овластена за технички преглед (образец бр.6) за исполнување на техничко експлоатационите карактеристики на возилото;
-доказ дека располага со капацитет за паркирање;
-доказ за работен однос за возачите;
-во возилото да има вградено фискален апарат
-доказ дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедност во јавниот сообраќај;
-доказ дека управителот или овалстеното лице одговорно за превоз има успешно поминато проверка за професионална компетентност.

Член 4

Барањето за издавање лиценца се поднесува до Градоначалникот на Општина Велес.

Член 5

Органот ќе издаде лиценца во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањата, доколку се исполнети условите пропишани со овој Правилник.

Член 6

Доколку не се исполнети условите пропишани со овој Правилник Градоначалникот ќе донесе Решение со кое се отфрла барањето.

Против Решението од став 1 од овој член може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот до Министерот за транспорт и врски.

Член 7

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за условите,

начинот и постапката за издавање лиценци за вршење авто-такси превоз во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/00).

Член 8

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Велес".

Број 0701-920/8
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

38.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/8
24 мај 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 53 од Законот за патниот сообраќај ("Сл.весник на РМ" бр.68/04), член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03) и член 8 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

1. Советот на Општина Велес го усвои Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/9
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на член 53, став 1, алинеа 3 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Службен весник на РМ"бр.68/04),член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 8 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес("Службен гласник на Општина Велес" бр. 4/05),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на ден 23.05.2005година, донесе

П Р А В И Л Н И К
за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес

I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува обележувањето, опремувањето и начинот на користењето на такси станиците во Општина Велес.

Член 2

Такси станицата се обележува, опремува и користи согласно Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.4/05),

II.ОБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦАТА

Член 3

Такси станица се обележува со известителна табла и со ознаки за обележување на површината наменета за паркирање на такси возилата.

Член 4

Известителната табла содржи натпис "TAXI", а под него текст "ТАКСИ СТАНИЦА" испишано на македонски јазик со кирилско писмо.

Таблата од став 1 на овој член има облик на правоаголник со димензии 900 х 600мм, со основна сина боја, натписот "TAXI" и оквирната линија се во бела боја, а буквите на текстот се со црна боја.

Член 5

На површината на такси станицата мора да бидат обележани (исцртани, иштрафирани), со стандардни ленти - штрафти онолку места за стоење на такси возилата колку што е капацитетот на такси станицата.

На површината на секое обележано место за стоење на такси возилата е испишана ознака "TAXI".

Лентите за обележување на местата за стоење на такси возилата и буквите на ознаките "TAXI" се со жолта боја.

III. ОПРЕМУВАЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦА

Член 6

На такси станиците се поставуваат корпи за отпадоци, а може да се постави и друга урбана опрема (настрешници, клупи за седење, телефонски говорници и сл.).

Потребниот број на корпи на една такси станица зависи од капацитетот и видот на паркирање.

По една корпа за отпадоци се утврдува за:

- капацитет од 3 такси возила при надолжно паркирање;
- капацитет од 5 такси возила при нормално и косо паркирање.

IV. ТАРИФА И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ТАКСИ СТАНИЦИТЕ

Член 7

На такси-станиците возилата се паркираат по редот на доаѓање.

За време додека е паркирано возилото на такси-станицата возачот е должен да се наоѓа во или непосредно покрај возилото.

Член 8

За користење на паркинг просторот на такси станиците авто-такси превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 250,оо денари по возило месечно и тоа за 6 месеци однапред, до истекот на лиценцата.

V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Со донесување на овој Правилник престанува да важи Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 8/00).

Член 10

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/9
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

39.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година

Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/9
24 мај 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Сл.весник на РМ" бр.4/96) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/11
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Врз основа на чл.11 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.Весник на РМ“ бр.4/96), член 12 од Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на просторните и урбанистички планови „Сл.Весник на РМ“ бр.18/97) и член 23, став 1,точка 15 од статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година донесе,

П Р О Г Р А М А
за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година

1.Во Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година („Сл.гласник на Општина Велес“ бр. 8/04) се вршат следните измени и дополнувања:

„ во точка II Планирање , после точка 8 се додаваат следниве точки:

9.Изработка на ГУП за стопански комплекс „Караслари“---------- 20 хектари.

10.Изработка на ДУП за стопански комплекс „Караслари“ ----------10 хектари.

11.Изработка на ГУП за стопански комплекс „Свилара“ ----------10 хектари“.

2.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „ Сл.гласник на Општина Велес“.

Број 0701-920/11
23.05.2005година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес
Марјанчо Николов с.р.

40.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02) и член 44, став 1, точка 3 од Статутот на Општината Велес ("Службен гласник на Општина Велес"бр.1/03),

Градоначалникот на Општина Велес, донесува

З А К Л У Ч О К
за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање на факултети или катедри на високообразовните институции во Велес

Се прогласува Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање на факултети или катедри на високообразовните институции во Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 23.05.2005 година.

Број 0801-923/10
24 мај 2005 година
В е л е с

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 23, став 1, точка 15 од Статутот на Општина Велес ("Сл.гласник на Општина Велес" бр.1/03),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 23.05.2005 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање факултети или катедри на високообразовни институции во Велес

1.Се прифаќа Иницијативата за создавање услови за отворање факултети или катедри на високообразовни институции во Велес.

2.Се овластува Градоначалникот на Општина Велес преку писмо на намери

доставено до сите високообразовни институции во Македонија да ја отпочне реализацијата на Иницијативата за создавање услови за отворање факултети или катедри на високообразовни институции во Велес.

3.Се задолжува Градоначалникот на Општина Велес да го известува Советот на Општина Велес за текот на реализирањето на Иницијативата.

4 Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Велес".

Број 0701-920/12
23.05.2005 година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
Марјанчо Николов с.р.

Бр на акт	Содржина	Страница
31	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за потврдување на членство во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија** **О Д Л У К А за потврдување на членството во Заедницата на единиците на локалната самоуправа на Република Македонија**	47
32	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за пренесување на паричните средства од постојните сметки во деловната банка на новоотворените потсметки во рамките на единствената трезорска сметка** **О Д Л У К А за пренесување на паричните средства од постојните сметки во деловната банка на ново отворените потсметки во рамките на единствената трезорската сметка**	48
33	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за утврдување на намената, начинот и постапката за давање под закуп на слободниот простор во крајниот столб во Мало мовче** **О Д Л У К А за утврдување на намената, начинот и постапката на издавање под закуп на слободниот простор во крајниот столб на Мало мовче**	48
34	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места** **О Д Л У К А за определување на опфатот на постојните урбани заедници во градот и месните заедници во населените места**	49
35	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за општински линиски превоз на патници во Општина Велес**	51
36	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Одлуката за авто-такси превоз на патници во Општина Велес** **О Д Л У К А за авто-такси превоз на патници во Општина Велес** **З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за условите, начинот и постапка за издавање на лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	58
37	**З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилникот за условите, начинот и постапка за издавање лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници во Општина Велес**	

Бр на акт		Страница
	П Р А В И Л Н И К за условите, начинот и постапката за издавање лиценци за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Велес	
38	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Правилникот за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес**	
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Правилникот за начинот на обележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес	
	П Р А В И Л Н И К за начинот на одбележувањето, опремувањето и користењето на такси станиците во Општина Велес	
39	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година**	64
	З А К Л У Ч О К за усвојување на Програмата за измена и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година	
	П Р О Г Р А М А за измена и дополнување на Програмата за изработка на Урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во Општина Велес за 2005 година	
40	**З А К Л У Ч О К за прогласување на Заклучокот за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање на факултети или катедри на високообразовните институции во Велес**	65
	З А К Л У Ч О К за прифаќање на Иницијативата за создавање услови за отворање факултети или катедри на високообразовни институции во Велес	

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00